Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на член 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) и член 40 став 1 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител – ------------------------------------, на продолжението на 38-та седница одржано на 14.09.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

**СЕ ЗАПИРА** постапката поведена по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител – -----------------------------------------, на ден 10.12.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, заведен под број на предмет 12-5557/1 од 10.12.2019 година, во која се укажува на сомневање за сторени незаконитости при распределба на предмети во ------------ суд Скопје, односно при распределба на три предмети не е користен АКМИС системот и истите се распределени рачно, што довело до тоа да тројца исти судии судат по три предмети од ист тужител.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот бидејќи наводите од пријавата не се потврдени.

Предметот со број 12-5557/1 од 10.12.2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-5557/1 од 10.12.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител – ------------------------------------.

Во пријавата се укажува на сомневање за сторени незаконитости при распределба на предмети во ------------ суд Скопје, односно при распределба на три предмети не е користен АКМИС системот и истите се распределени рачно, што довело до тоа да тројца исти судии судат по три предмети од ист тужител. Воедно, согласно наводите од пријавата при донесување на пресуди по овие предмети -------- суд направил повеќе повреди, и тоа: суштествени повреди на одредбите на постапката, погрешно и нецелосно

утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право. Согласно наводите од пријавата, станува збор за пресуди на ------------------ кој судел во совет составен од судиите ----- -------------------- - претседател на советот, --------------------------- и --------------------- – членови на советот по предмети У-1.бр.233/2019 од 24.10.2019 година, У-1.бр.234/2019 од 16.10.2019 година и У-1.бр.235/2019 од 31.10.2019 година.

Државната комисија за спречување на корупцијата оформи предмет по оваа пријава и заради проверка на наводите и целосно утврдување на фактичката состојба по истиот побара од Претседателот на -------------- суд Скопје да изврши проверка/надзор во однос на наводите од пријавата и да достави целосна информација за констатираната состојба до Државната комисија.

По барањето на Државната комисија доставено е известување со бараните информации и прилог документација и од истото се констатира дека постапувајќи согласно член 175 став 1 од судскиот деловник, каде е предвидено дека судскиот службеник овластен за вршење на автоматска распределба на предметите преку автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети еднаш дневно врши автоматска распределба на новоформираните предмети, овластениот судски службеник – уписничар на ден 30.05.2019 година во 14:09 часот извршил автоматска распределба на предметите У-1.бр.233/2019; У-1.бр.234/2019 и У-1.бр.235/2019 преку автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети. При распределбата предметот У-1.бр.233/2019 е распределен во работа кај судијата ------------------, предметот У-1.бр.234/2019 е распределен во работа кај судијата -----------------------, додека предметот У-1.бр.235/2019 е распределен во работа кај судијата ---------------------------------------.

Согласно Програмата за работа на --------- суд за 2019 година Су-04.бр.0102-610/18 од 28.12.2018 година, во Специјализираниот оддел за имотно правна област, денационализација, урбанизам, градежништво и други сродни права е формиран Совет за имотно правна област и други сродни права, кој ќе постапува и одлучува по предмети од имотно правна област и други сродни права. Согласно Распоредот за работа на ------------- суд за 2019 година – за претседателот на судот и судиите – Су-04.бр.0102-611/18 од 27.12.2018 година, во Специјализираниот оддел за имотно правна област, денационализација, урбанизам, градежништво и други сродни права се формира Совет за имотно правна област и други сродни права, во кој совет се распоредуваат за работа судиите и тоа: судија ------- ------------------ – претседател на совет и судиите ---------------------------- и ---------------- – како членови на советот.

Врз основа на горенаведеното, во конкретниот случаj трите судски предмети се оформени по поднесени три тужби против три различни оспорени потврди на Агенцијата за катастар на недвижности, Одделение за катастар на недвижности --------- од страна на ист тужител, при што трите предмети со автоматска распределба на предметите преку автоматизираниот компјутерски систем за управување со

судските предмети се доделени во работа кај тројца различни судии, а пресудите ги донел надлежниот судечки совет.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека нема елементи за нејзино натамошно постапување согласно членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, односно наводите од пријавата дека не е користен АКМИС системот при распределба на судски предмети не се потврдени.

Во однос на наводите од пријавата за суштествени повреди на одредбите на постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјално право од страна на судечкиот совет, Државната комисија нема надлежност за нејзино постапување.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК:
Изработил: м-р Билјана Каракашова Шулев, Советник
Одобрил: Горан Трпеноски, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Софка Пејовска Дојчиновска**